Проектот е финансиран од Европска Унија

“Проценка на влијанието на регулативата во сенка: Промовирање на креирање политики базирани на докази” – Проект финансиран од Европската Унија

**Предмет: Повик за услуги бр. 0813-169/18**

**Понудувач за изработка на анимирано видео** во рамки на проектот “Проценка на влијанието на регулативата во сенка: Промовирање на креирање политики базирани на докази” – Проект финансиран од Европската Унија имплементиран од Институт за демократија “Социетас Цивилис” – Скопје (ИДСЦС) во соработка со Центар за економски анализи (ЦЕА). Во периодот јануари 2017 – декември 2019г. ќе се анализира како се спроведува процесот на проценка на влијание на регулативата (ПВР) при создавањето на законите и каква е можноста за граѓанските организации да се вклучат во создавањето на јавните политики во земјата.

Проектот „ПВР во сенка“, ќе придонесе за унапредување на доброто владеење преку вмрежување и градење на капацитети на граѓанските организации за следење и анализа на спроведувањето на ПВР. Целта на проектот е да се зголеми можноста за активно вклучување на граѓанските организации во ПВР процесот и во реформите на јавните политики преку вмрежување, инклузивни консултации и обуки.

**Опис на работата**

Видеото кое ќе треба да се изработи со овој повик е во рамки на кампања која ќе има цел да ги доближи резултатите од проектот „ПВР во сенка“ до граѓаните и засегнатите субјекти во контекст на придобивките и можностите кои ги нуди процесот на ПВР кон релевантните субјекти со фокус на граѓаните како крајни корисници. Избраниот понудувач ќе треба да изработи анимирано видео во должина од 180 до 210 секунди преку кое ќе се претстави важноста на процесот на Проценка на влијание на регулатива, придобивките од процесот и можностите кои истиот ги нуди за вклучување на заинтересираните страни. Видеото ќе биде потребно да содржи креативни илустрации и анимации кои на поедноставен и визуелно привлечен начин ќе ги презентираат наодите од проектот. Видеото треба да биде прилагодливо за споделување на социјални медиуми и тв и изработено во адекватни формати.

Ангажманот ќе вклучува тесна соработка со проектниот тим и комуникацискиот офицер на проектот кој ќе ги селектира подготвените наоди, препораки и информации. Задача на понудувачот е да развие начин за креативно претставување на наодите преку анимациите во видеото.

1. <u>**Делокруг на работа**</u>

i. Подготовка (снимање, анимација, едитирање, аудио продукција) на анимирано видео со нарација;
ii. Разработка на креативен и идеен концепт кој ќе ги претстави наодите и комуникациските пораки на достапен начин;
iii. Подготовка на титлови на албански јазик со превод доставен од ИДСЦС;
iv. Одржување на состаноци со проектниот тим и комуникацискиот офицер и вклучување на потенцијалните коментари;
v. Спроведување на правилата за видливост на донаторот во соработка со проектниот тим;
vi. Креирање на disclaimer на крајот на видеото според инструкции на проектниот тим.

2. **Испораки**

i. 1 (едно) анимирано видео со нарација на македонски јазик (со вклучени титлови) во должина од 180 до 210 секунди во HD 1080p квалитет;

ii. 1 (едно) анимирано видео со титлови и внатрешен текст на албански јазик врз основа на видеото и нарацијата од претходната точка.

Сите активности ќе бидат имплементирани во координација со проектниот тим на ИДСЦС и проекниот партнер. Работен јазик на овој ангажман е македонски.

3. **Временска рамка**

i. Координативни состаноци и отпочнување со работа на видеото од 9ти август 2018г;
ii. Достава на пред-финален продукт до 5ти септември 2018г;
iii. Достава на финален продукт со вклучени коментари до 15ти септември 2018г.

4. **Сопственост**

Продуктите кои ќе произлезат од ангажманот ќе останат во сопственост на ИДСЦС. Понудувачот се согласува да не ги користи продуктите надвор од овој ангажман без претходна писмена согласност од ИДСЦС.

5. **Надомест**

Вкупниот надомест за извршените услуги не смее да ја надминува сумата од 48.553 денари. Проектот е ослободен од плаќање на ДДВ (Потврда од Секретаријат за европски прашања бр. 11-6/48-1; Решение за регистрација на даночен обрврзник од УЈП бр. 26-18-157) со што понудувачот е должен да обезбеди понуда која не вклучува ДДВ.

Доколку се работи за понуда од физичко лице, во рамки на горенаведената сума потребно е да се пресмета и персоналниот данок.

**Потребни документи:**

5.1 За правни лица
- Тековна состојба од Централен регистар на Р. Македонија;
- Портфолио;
- Финансиски предлог – нето износ, со и без ДДВ.

5.2 За физички лица
- Професионално резиме на ангажираното лице;
- Портфолио
- Финансиски предлог – нето износ и износ на персонален данок.

***Забелешка:*** *Доколку физичкото лице кое аплицира е ДДВ обврзник, ве молиме нагласете го тоа во финансискиот предлог.*

6. **Процес на селекција и бодување**

ИДСЦС ќе го избере извршителот на отворен повик.

Процесот на евалуација ќе биде спроведен во 3 фази:

i. Оценка на спецификација на финансиски предлог (максимум 5 поени);
ii. Евалуација на портфолиото на понудувачот (максимум 5 поени);

iii. Евалуација на референтна листа на претходни слични ангажмани / Евалуација на Професионално резиме на ангажираното лице (максимум 5 поени);
iv. Избор на најдобрата понуда.

**7. Достава на апликација**

Апликацијата мора да биде испратена во електронска форма на contact@idscs.org.mk, **не подоцна од 31ви јули (вторник) (23:59ч.) 2018г** со назнака **Понуда за изработка на анимирано видео.** ИДСЦС ќе го извести избраниот кандидат не подоцна од 07ми август (вторник) 2018г.

МП

Број 0813-169/18

Скопје, 24.07.2018